РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-735/3
04-08-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 50-тата седница одржана на ден 23.07.2021 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-909/1 од 01.03.2019 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-909/1 од 01.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-909/1 од 01.03.2019 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител со наводи дека во училиштето „ против --------- --------- " с.--------, општина -------- сторени се низа неправилности при вработување и поделба на часови. Подносителот на пријавата, против --------- ---------, наведува дека иако бил еден од кандидатите кој ги исполнувал условите за работното место, со него не бил склучен договор за вработување. Имено, подносителот наведува и дека Државниот просветен инспекторат има извршено инспекциски надзор во училиштето, при што има констатирано кршење на законот за основно образование.

Со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на основаноста на наводите, Државната комисија се обрати до Државниот просветен инспекторат со барање за доставување податоци за тоа дали ДПИ има извршено надзор во ОУ „ против --------- --------- " во с.--------, општина ----------- во текот на 2018 и 2019 година во врска со огласот за прием на наставници и доколку е извршен, во прилог да се доставaт сите записници и решенијата со мерки.

Државниот просветен инспекторат, во законски предвидениот рок ја извести Државната комисија дека има извршено вонреден инспекциски надзор во училиштето и во прилог ги достави записниците од истите.

Од записникот за извршениот надзор, може да се утврди дека надзорот кој е извршен по задолжение на директорот на ДПИ, а врз основа на претставка од подносителот на пријавата против --------- --------- , во однос на начинот и постапката за избор на наставен кадар во училиштето по предметот граѓанско образование, предвидува дека за изведување на наставата кандидатите треба да имаат завршено студии по социологија. Овој услов не го исполнувал примениот кандидат, додека подносителот на претставката бил единствениот кандидат кој ги исполнувал условите предвидени во огласот.

Врз основа на вака констатираната фактичка состојба, ДПИ донел решение со кое му наредува на директорот на ОУ „ против --------- --------- " да преземе активности за отстранување на забелешките и сторените повреди во однос на постапката за вработување на работно место наставник по граѓанско образование и за истото да го извести инспекторатот во предвидениот законски рок од 8 дена.

Државната комисија за спречување на корупцијата, повторно се обрати до ДПИ со барање податоци за тоа дали е извршен контролен надзор во училиштето и дали директорот на истото постапил согласно укажувањата на инспекторатот.

Државниот просветен инспекторат, во законски предвидениот рок ја извести Државната комисија дека има извршено контролен инспекциски надзор и во прилог достави Записник од истиот, при што се констатира дека по повторно вршење на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности во работењето на училиштето, поради што е постапено по инспекциските мерки донесени во решението со опомена и со тоа понатамошната постапка се запира.

По повторно разгледување на предметната документација, како и врз основа на утврдената фактичка состојба каде во конкретниот предмет постапувал надлежен орган кој утврдил неправилности и согласно своите законски надлежности побарал истите да се отстранат, а по извршениот контролен инспекциски надзор тие биле отстранети, Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот, поради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: В.Г., член на ДКСК